На 28 април 2015 г. во Белград се одржа работилница за политиките во Југоисточна Европа, со посебен осврт на енергетскиот сектор. Овој сектор беше идентификуван во Регионалниот извештај за антикорупција на СЕЛДИ како еден од оние со највисок ризик за корупција во регионот, особено поради опасноста од појава на феноменот на „заробена држава“ (state capture). Работилницата ја организираше Центарот за либерално демократски студии од Белград, еден од српските партнери во мрежата СЕЛДИ.

Борјан Ѓузелов го претставуваше МЦМС на оваа работилница.



Тема на работилницата беа компаративните специфики на антикорупциските системи во регионот. Борис Беговиќ, од српскиот Центар за либерално демократски студии, направи осврт на променливата структура на корупцијата во Србија. Според него, во последните 10 години, корупцијата станала поцентрализирана и сега ги вклучува лицата од највисоко политичко ниво. Тој истакна дека само по себе постоењето на антикорупциска легислатива и стратегија не е доволно, се додека јавните институции не се доволно ценети и признаени од политичките елити и граѓаните.

Валентина - Андреа Димулеску, од Романско академско друштво (SAR), потенцираше дека и покрај растот на контрола на корупцијата и зголемениот број апсења, Романија се уште се смета за една од најкорумпираните земји во ЕУ. Таа забележа дека има постојано политичко влијание од страна на моќни поединци без оглед на менувањето на власта, а постојат и обвинувања за политички мотивирани апсења.

Според Мунир Подумљак, од хрватската организација Партнерството за општествен развој (ПСД), во Хрватска има неколку успешни примери. Бирото за борба против корупцијата и организираниот криминал (УСКОК) е еден од нив. Тој забележа дека судиите, извршителите и полицијата на УСКОК спроведуваат кратки процедури и донесуваат брзи казни, слично на процедурите на италијанскиот анти-мафија систем. Сепак, овој систем е високо политизиран, селективен во случаите на висока корупција и често пати не ја ужива довербата од граѓаните.


Crackdown on corruption (II)
DNA highlights
Total individual convictions (2010-2014)
1200
1000
800
600
400
200
0
154
298
743
1051
1138
2010
2011
2012
2013
2014